**Р Е П У Б Л И К А  С Е В Е Р Н А  М А К Е Д О Н И Ј А**
**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ул.Макарие Фрчковски бр.8 тел/факс 3163-812,3162-436,3109-401 п.ф.328**

Бр. 08-371/3
27.05. 2024 год.
СКОПЈЕ

НУ Конзерваторски центар – Скопје, решавајќи по барањето на Инвеститорите ЗСФ КОМ ДООЕЛ, СКОПЈЕ и ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ, СКОПЈЕ, под бр. 0306/24 од 16.10.2023 година (наш бр. 08-688/1 од 17.10.2023 година), врз основа на член 75-б став (1) од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), Правилникот за формата и содржината на образецот на Конзерваторското мислење и за формата и содржината на образецот на Барањето за издавање на Конзерваторското мислење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 109/16) и Стручното мислење за градежната парцела ГП 6.1 во Заштитеното подрачје на Споменикот - Воена болница во Скопје (бр. 08-371/2 од 15.05.2024 година), издава

## КОНЗЕРВАТОРСКО МИСЛЕЊЕ

1. На подносителите на барањето ***Инвеститорите ЗСФ КОМ ДООЕЛ, СКОПЈЕ*** и ***ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ, СКОПЈЕ***, им се издава **негативно Конзерваторско мислење** за ***Објект: Домување во станбени згради***, на улица "Новопланирана 1" (според планот) односно улица "Никола Русински" бб (според насловот на Основниот проект) во Скопје, КО Карпош, катастарски парцели КП 1801/2, КП 1801/3, КП 1801/5, КП 1801/7, КП 1801/8, КП 1801/9 (според Барањето за конзерваторско мислење) односно катастарски парцели КП 1801/3, КП 1814/2 (според Решението за одговорен проектант), евидентирани во Имотни листови бр. 42667 за КП 1801/5, бр. 42668 за КП 1814/2, бб. 55471 за КП 1801/3, бр. 80571 за КП 1801/7, КП 1801/8, КП 1801/9 (според Барањето за конзерваторско мислење), градежна парцела ГП 6.1, во ***Контактната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје и во Споменикот - Воена болница во Скопје***, согласно ***Основен проект за Објект: Домување во станбени згради, Фаза: Архитектура***, изработен од ГМС - ДООЕЛ - СКОПЈЕ, тех. бр. 12/23 од октомври 2023 година, кој е составен дел на ова мислење.

Градежната парцела ГП 6.1 е формирана со *ДУП за "Градска четврт З 05" помеѓу бул. "Илинден", бул. "8-ми Септември", бул. "Партизански одреди" и ул. "Љубљанска", Општина Карпош, Скопје* (донесен со Одлука на Советот на Општина Карпош, бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 година), како површина за градење со намена А2 (Домување во станбени згради) и максимална висина на

венец П+26+Пк (88,00 м). Со Посебните одредби за спроведување на планот, за предметната градежна парцела ГП 6.01 е предвидена изработка на урбанистички проект.

Предметниот Основен проект е изработен по *Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за "Градска четврт 3 05" помеѓу бул. "Илинден", бул. "8-ми Септември", бул. "Партизански одреди" и ул. "Љубљанска", Општина Карпош, Скопје* (Потврда за одобрување, бр. 11-6755/4 од 06.10.2023 година), согласно Изводот (бр. 47-7028/2 од 10.10.2023 година), кој е составен дел од Основниот проект.

При изработката на Урбанистички проект, од страна на Општината Карпош и инвеститорите не беше почитувано *Известувањето* (бр. 08-531/2 од 12.07.2022 година) од НУ Конзерваторски центар - Скопје, доставено до инвеститорите, дека во Урбанистичкиот проект треба да бидат вградени границите на ***Споменикот - Воена болница во Скопје*** и неговата ***Контактна зона***, режимот на заштита и посебните заштитно-конзерваторски услови, согласно одобрените основи од 2013 година и дека Урбанистичкиот проект треба да биде доставен за стручно мислење до НУ Конзерваторски центар - Скопје и потоа до Управата за заштита на културното наследство, пред да биде одобрен. Донесениот урбанистички проект има опфат кој влегува во две различни зони на заштита.

2. На градбата од точката 1 на ова мислење не се преземаат мерките на непосредна заштита утврдени со *Заштитно-конзерваторски основи за културно наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за "Градска четврт 3 05" (помеѓу бул. "Илинден", бул. "8-ми Септември", бул. "Партизански одреди" и ул. "Љубљанска"), Општина Карпош, Скопје* (бр. 07-590/8 од 23.09.2013 година), кои се заверени и за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено *Решение за одобрување на основите* (бр. УП 17-813 од 24.09.2013 година).

Јужната граница на Споменикот - Воена болница во Скопје, содржана во основите описно и со координати на точките на прекршување, ја дели градежната парцела ГП 6.1 на северен дел, кој се наоѓа во границите на Споменикот - Воена болница во Скопје и јужен дел, кој се наоѓа во границите на Контактната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје:

***- Северен дел од ГП 6.1 кој се наоѓа во границите на Споменикот - Воена болница во Скопје*** - Се применува режим на заштита од втор степен, кој подразбира архитектонско обликување со нови објекти, со габарит и катност прилагодени на вредностите и значењето на доброто и партерно обликување на просторот. Сите интервенции се изведуваат според конзерваторски проекти односно проекти изработени според Правилникот за конзерваторски проекти ("Службен весник на РМ" бр. 111/05), кои се доставуваат за стручна контрола до НУ Конзерваторски центар - Скопје и се обезбедува Конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство, како услов за издавање на одобрение за градење. На овој дел од градежната парцела треба да се планира градба со доминантната класа на намени В - Јавни институции, утврдена со ГУП на град Скопје 2012-2022. Приближната површина на овој дел од градежната парцела 6.1 изнесува околу 1.300 м² и треба да биде прецизно утврдена со Геодетски елаборат. Овој дел

од градежната парцела не е во надлежност на НУ Конзерваторски центар - Скопје.

***- Јужен дел од ГП 6.1 кој се наоѓа во границите на Контактната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје*** - се применува режим на заштита од трет степен, кој подразбира можност за изградба на нови објекти, со габарит и катност што нема да ги нарушуваат визурите на Споменикот - Воена болница во Скопје. За сите интервенции во Контактната зона на доброто треба да се обезбеди Конзерваторско мислење од НУ Конзерваторски центар - Скопје, како услов за издавање на одобрение за градење. На овој дел од градежната парцела треба да се планира градба со доминанатната класа на намени М (А+Б) - Мешовита намена (Домување + Комерцијални дејности), утврдена со ГУП на град Скопје 2012-2022. Површината на овој дел од градежната парцела 6.1 изнесува приближно околу 3.000 м² и треба да биде прецизно утврдена со Геодетски елаборат.

Урбанистичкиот проект содржи погрешно утврдена фактичка состојба дека целата градба од точка 1 на ова мислење се наоѓа во Контактната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје. Во текстуалниот дел се наведени само мерките на заштита за Контактната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје и не се воопшто применети во Основниот проект, бидејќи габаритот и катноста на градбата ги нарушуваат визурите на Споменикот - Воена болница во Скопје.

3. Градбата од точката 1 на ова мислење нема статус на поединечно заштитено добро.

**Образложение**

Поднесителите на барањето ***Инвеститорот ЗСФ КОМ ДООЕЛ, СКОПЈЕ*** и ***ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ, СКОПЈЕ*** доставија Барање за издавање Конзерваторско мислење бр. 0306/24 од 16.10.2023 година (наш бр. 08-688/1 од 17.10.2023 година).

Во прилог кон барањето поднесителите доставија ***Основен проект за Објект: Домување во станбени згради, Фаза: Архитектура***, изработен од ГМС - ДООЕЛ - СКОПЈЕ, тех. бр. 12/23 од октомври 2023 година.

НУ Конзерваторски центар – Скопје утврди дека ***Основниот проект за Објект: Домување во станбени згради, Фаза: Архитектура***, изработен од ГМС - ДООЕЛ - СКОПЈЕ, тех. бр. 12/23 од октомври 2023 година, не е изработен согласно Законот за заштита на културното наследство и Правилникот за конзерваторски проекти.

На јужниот дел од градбата не се преземаат мерките на непосредна заштита утврдени за Контактната зона на Споменикот - Воена болница во Скопје, со *Заштитно-конзерваторски основи за културно наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за "Градска четврт З 05" (помеѓу бул. "Илинден", бул. "8-ми Септември", бул. "Партизански одреди" и ул. "Љубљанска"), Општина Карпош, Скопје* (бр. 07-590/8 од 23.09.2013 година), кои се заверени и за кои Управата за заштита на културното наследство има донесено *Решение за одобрување на основите* (бр. УП 17-813 од 24.09.2013 година), бидејќи габаритот и катноста ги нарушуваат визурите на Споменикот - Воена болница во Скопје.

Градбата е истовремено лоцирана во две различни зони на заштита, во границите на Споменикот - Воена болница во Скопје и во границите на неговата Контактна зона, што не е во согласност со Законот за заштита на културното наследство и Правилникот за формата и содржината на образецот на Конзерваторското мислење и за формата и содржината на образецот на Барањето за издавање на Конзерваторското мислење (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/16).

Северниот дел од градбата, кој се наоѓа во границите на Споменикот - Воена болница во Скопје, не е во надлежност на НУ Конзерваторски центар - Скопје.

Прилог:

- Стручно мислење за градежната парцела ГП 6.1
  во Заштитеното подрачје на Споменикот - Воена болница во Скопје

**ВД Д И Р Е К Т О Р,**

**Љиљана Китановска,**
**диа, конзерватор-советник**

Доставено до:

- Барателот
- Општината Карпош
- Архивата